ТЕРАПИЈА СО ОГНЕНИ ИГЛИ И ВЕНДУЗИ ПРИ ОСТЕОАРТРИТИС НА КОЛЕНО

Зху J.[1], Арсовска Б.[2], Козовска К.[1]
[1]Факултет за медицински науки,Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Р.Македонија
[2]Институт за биологија, Природно-математички факултет, Скопје, Р.Македонија
e-mail: kika_1993_@hotmail.com

Апстракт

Вовед: Остеоартритисот е дегенративно заболување на зглобовите кое најчесто се јавува при процесот на стареење, а најчесто зафатен зглоб е коленото. Освен стареењето, други фактори кои придонесуваат за појава на остеоартритис се: прекумерна тежина, пол (жените се почесто зафатени), претходни повреди, наследни абнормалности и др. Симптоми коишто се јавуваат се: болка, оток, вкочанетост, лимитирано движење, крепитации и др. Според Традиционалната Кинеска Медицина, остеоартритисот спаѓа во групата на болести кои резултираат од преголема акумулација на факторите Ветер, Студ и Влага. За отстранување на факторите, како причинители за болеста се користи терапијата со огнени игли која претставува акупунктурна техника со брзо боцкање на загреана игла на одредени точки во телото и терапијата со вендузи или капинг.

Цел: Целта на трудот е да се прикажат резултатите од истражуваната група на пациенти третирани со огнени игли и вендузи при остеоартритис на колено.

Материјал и методи: Терапиите се направени во ординација за Традиционална Кинеска Медицина и акупунктура во Скопје, од страна на специјалист по акупунктура, во затворена просторија на температура од 25°, во времетраење од 20-30 минути. Кај сите пациенти е применет акупунктурен третман со огнени игли на одредени тригер точки наречени аши, во времетраење од 10-15 минути и аплицирање на вендузи во времетраење од 5-10 минути на истите точки. Во истражувањето се вклучени 25 пациенти, од кои 15 жени и 10 мажи, на возраст од 33 до 78 години.

ФИТОФАРМ

Здружение на физиотерапевти на Република Македонија
Association of physical therapists of the Republic Macedonia

minutes. In all patients is applied acupuncture treatment with fire needles on certain trigger points called Ashi, with duration of 10-15 minutes and cupping with duration of 5-10 minutes at the same points. The research includes 25 patients, of which 15 women and 10 men, on age from 33 to 78 years.

Results: Effect is been achieved in all patients with certain number of treatments and after the treatments all painful symptoms that patients complained before were gone.

Conclusion: Treatment with fire needle combined with cupping is one of the most commonly used in osteoarthritis of the knee and thus gives most satisfactory results in patients treated so far.

Key words: fire needles, cupping, traditional chinese medicine, osteoarthritis, knee

Резултати: Кај сите пациенти е постигнат ефект со одреден број на терапии, при што по завршувањето на терапиите кај пациентите се исчезнати сите болни симптоми на кои тие претходно се пожалиле.
Заклучок: Терапијата со огнени игли во комбинација со вендузи е една од најчесто употребуваните при остеоартритис на колено и притоа дава најзадоволителни резултати кај досега третираните пациенти.

Клучни зборови: огнени игли, вендузи, традиционална кинеска медицина, остеоартритис, колено

FIRE NEEDLE AND CUPPING THERAPY FOR KNEE OSTEOARTHRITIS

Zhu J.[1], Arsovska B.[2], Kozovska K.[1]
[1]Faculty of Medical Sciences, University Goce Delcev – Shtip;
[2]Institute of Biology, Faculty of Natural Sciences and Mathematics – Skopje;
e-mail: kika_1993_@hotmail.com

Abstract
Introduction: Osteoarthritis is a degenerative joint disease which usually occurs during the aging process and usually the most painful joint is the knee. Beside age, other factors that contribute to the onset of osteoarthritis include: obesity, gender (women are more often affected), previous injuries, hereditary abnormalities and others. Symptoms that occur are: pain, swelling, stiffness, limited motion, crepitations and others. According to Traditional Chinese Medicine, osteoarthritis is classified as a disease resulting from excessive accumulation of the factors Wind, Cold and Dampness. To remove factors as causes of disease, is used fire needle therapy which is an acupuncture technique with quick needling of heated needle at certain points in the body and cupping therapy.
Aim: The aim of this work is to present the results of the researched group of patients treated with fire needles and cupping in knee osteoarthritis.
Material and methods: The treatments are done in clinic for Traditional Chinese Medicine and acupuncture in Skopje by a specialist in acupuncture, indoors at a temperature of 25°, with a duration of 20-30